РЕЦЕНЗИЈА

# Мајстор на уметничката фотографија

Tweet
Like 0 Share

13 јуни 2008 - 16:17

Навраќање на делото на Александар Цветиновски



Новосадскиот весник "Граѓански лист" од 20.3.2008 год., објави интервју со Александар Цветиновски, познат македонски автор на уметничка фотографија, кој досега се занимавал со повеќе сродни или различни професии. Меѓутоа, неговото име како и на други квалитетни македонски автори не се наоѓа во најновата едиција на МАНУ за фотографијата и филмот. Токму споменатото интервју беше непосреден повод да се потсетиме на Александар Цветиновски (1948) како уметнички фотограф кој заслужува достојно место во историјата на македонската фотографија. Цветиновски од 1972 година поинтензивно се занимава со фотографија кога станува член на Фотосојузот на Југославија и активен излагач. Тој учествувал на фотографски изложби во Југославија, како и на интернационални салони и конкурси на фотографија во повеќе земји во светот каде што добил бројни награди и признанија (меѓу другите на "Кодак", "Кокино" и др.). За постигнати успеси на полето на фотографија во 1975 година го добива звањето кандидат мајстор на Фотосојузот на Југославија, како и меѓународната титула АФИАП (уметник на европската асоцијација на фотографи).

Цветиновски беше член на фотоклубот "Вардар" кој има голема улога за развојот на македонската фотографија како и на фотокино клубот "Бранко Бајиќ" од Нови Сад организатор во 1973 година на светската изложба на фотографија "Златно око". Во Нови Сад Цветиновски се здобива со потполна авторска афирмација. Во Белград тој ќе отвори едно од најсовремените фотографски студија во овој дел на Европа, но престанува да работи по распаѓањето на Југославија, а со неа и на пазарот што успешно го снабдувал со квалитетни фотографии. Познато е дека на Цветиновски, како маркетиншки фотограф му позирале повеќе естрадни ѕвезди, како Неда Украден, Лепа Брена, Цеца Ражнатовиќ и други. Пазарот ќе му ги прифати фотографиите, а неговите модели се појавија и на рекламите на познатите производувачи на автомобили, алкохол, прехранбени, кондиторски и текстилни производи (посебно женска долна облека и чорапи).

Цветиновски со посебен афинитет и творечки дострели ја негувал акт-фотографијата во која Сава Степанов препознал "лирска еротика како самосвојна посебност на една поетика, сосема актуелна и сосема оввремена", како и "посебна метафоричност", со "симболична повеќезначност" (1982). Авторите на Цветиновски по суптилност и смисла за форма и композиција пронајдена во природата се далеку од полупорнографска рекламократска еротика, вбројувајќи се меѓу највредните остварувања во македонската уметничка фотографија. Самиот автор ќе објасни: "Го снимав женското тело на романтичен начин и тежнеев да ја нагласам убавината на формата на сликата. Се внесував во креацијата со цело срце оставајќи и простор на имагинацијата и избегнувајќи ја грубата еротика".

Во ликовната енциклопедија на Југославија од 1987 година стои: "На подрачјето на уметничката фотографија делуваат Б. Дрнков, К. Билбиловски, Г. Попов, В. Аќимовиќ, Р.Јаки, Ж. Јаневски, М. Димески - Димес, и А.Цветиновски.

Во спомнатата книга на МАНУ се заборавило и на вредноста на лајф фотографијата на Цветиновски, како што се игнорираат и други имиња (Мирза Ченгиќ и други), и текстови кои можат да придонесат за подобро и поцелосно согледување на развојните патишта на се уште неистражената, несистематизирана и невреднувана македонска фотографија, која е дел од уметноста и културата на овој простор.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.
веста е прочитана 123 пати

# Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]